

Душко МИНОВСКИ

"Ni{ to za nas bez nas"

# ОПШТЕСТВЕ ЗА ДЕЦАТА

**Министерството за труд и социјална политика ја третира проблематиката на децата на улица, како една од приоритетните целни групи. Имено, Законот за социјална заштита содржи одредби, кои ги регулираат правата за остварување разни форми на нивна материјална и институционална помош. Законот за семејство ги содржи формите посвојување и ставање под старателство, како форми на заштита на децата без родителска грижа, во кои несомнено се вбројуваат и децата на улица.**

Преку реализацијата на политиките на самото Министерство, во рамките на Одделението за социјална заштита на социјално-исклучени лица, каде што како една од приоритетните групи, за кои се води политика на социјална инклузија, се вбројува и групата деца на улица и членовите на нивните семејства. За третирањето на одделни аспекти од проблематиката на оваа ранлива целна група, Министерството за труд и социјална политика има координирана соработка со останатите институции во системот на социјалната заштита.

Со големото теренско истражување, реализирано во 2001 година, беа детектирани 1.022 деца на улица. Основни заклучоци од истражувањето за децата на улица, кои иако денот го минуваат на улица, сепак најчесто ноќеваат во семејниот дом, се:

1. Најмногу, со учество од 58 отсто во тотал на појавата, се застапени малолетници од ромското малцинство - десет пати повеќе од учеството на ромското население во вкупното население во земјава.

2. Од детектираните деца на улица 15,5 отсто се на возраст од 0 до 6 години, а од нив речиси без исклучок сите беа затекнати во ромски семејства.

3. Постои висока корелација на појавата на деца на улица со неповолна животна ситуација на нивните родители, односно старатели.

4. Родителите на анкетираните деца на улица во голема мера се сиромашни, што се гледа од фактот дека две третини од нив се корисници на социјална парична помош.

5. Образовното ниво и стручната квалификуваност се многу пониски отколку соодветните нивоа на вкупната популација на Република Македонија. Оттука произлегуваат тешкотии за нивно вработување, дотолку повеќе што во нашата земја голем број високо стручно квалификувани граѓани се невработени, а голем дел од нив заминуваат и во странство во потрага по подобра и посигурна иднина.

6. Една третина од испитаниците не се вклучени во образовниот систем иако, според возраста, подлежат на задолжително образование. Меѓутоа, и оние кои се вклучени во образовниот систем многу често отсуствуваат од редовната настава и нивниот просечен успех не е задоволителен. Многу често овие деца отсуствуваат од наставата, а просечниот успех им е многу понизок, во споредба со отсуството и успехот на севкупната популација деца од соодветната возраст. Родителите на анкетираните малолетници се со ниско образовно ниво, во споредба со релативно високата образовна структура на вкупното возрасно население, а уште повеќе во споредба со сегментот на фертилното население на Република Македонија. Имено, 27,5 отсто од татковците се без никакво образование и 15,4 отсто со образование до четврто одделение. Образовната структура на мајките е за 10 отсто понеповолна отколку на татковците.

**ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА ВО СКОПЈЕ, КАКО НАЈГОЛЕМА УРБАНА ТЕРИТОРИЈА ВО ДРЖАВАТА, ВО КОЈА ПРОБЛЕМОТ СО ГРУПАТА ДЕЦА ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК Е И НАЈИЗРАЗЕН, ОД МОМЕНТОТ НА НЕГОВОТО ОТВОРАЊЕ СЕ ЗАБЕЛЕЖУВА КОНТИНУИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДЕЦА КОИ ГИ КОРИСТАТ УСЛУГИТЕ ОД ОВОЈ ЦЕНТАР. ТАКА, БРОЈОТ НА ОВИЕ ДЕЦА ВО ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА ИЗНЕСУВАЛ ПОВЕЌЕ ОД 500.**

7. Животниот стандард на домаќинствата во кои живеат децата на улица е мошне скромен. Поголемиот дел домаќинства имаат стандард кој е под нивото на егзистенцијалниот минимум.

8. Голем дел од децата немаат соодветна родителска грижа. Причини се супстандардните финансиски услови и несоодветните услови за домување во нивните семејства, но и заради ниското социјално и културно ниво на нивните

# Н ПЕРИСКОП НА УЛИЦА

родители. Треба да се напомне дека голем дел од родителите покажуваат крајно неодговорно родителство во поглед на грижата за здравјето, исхраната и други параметри кои претставуваат елементи на родителската грижа.

Сепак, мора де се истакне дека оваа состојба не е битно изменета од нејзиното перзистирање повеќе децении наназад, иако се правени исчекори во настојувањата за еманципација и поголема интеграција на ромската популација во пошироките општествено-економски структури. Притоа, мора да се има предвид фактот дека во периодот на општествено-економската транзиција на Република Македонија се создадоа низа проблеми кои негативно се одразија на животниот стандард на поголемиот дел од населението, а не само на ромската популација, што секако влијаеше на настојувањата на државата за подобрување на општествено-економската положба и на Ромите. Сепак, значителен дел од ромските семејства, кај кои се детектирани деца на улица, покажуваат специфични субкултурни обрасци на поведение и интерперсонални комуникации, како во партнерските односи, така и на релација на односите меѓу родителите и децата.

Забележливи се и одредени специфичности во матрицата на вредностите, таложени повеќедецениски, па и вековно. Промената на оваа вредносна ориентација секако дека е зависна од времето, а нејзиното насочување и канализирање во општествените трансформативни текови, кон кои тежнее и севкупното македонско општество, не е лесно, ниту едноставно, особено во ситуации кога тоа општество се соочува со големи економски проблеми.



Значаен импулс во подобрувањето на квалитетот на грижата за децата на улица во Република Македонија беше почувствуван со донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Законот за социјална заштита – "Службен весник на РМ", бр. 65/2004 година, со кој беше предвидено воведување нова форма на вонинституционална заштита - дневен центар за деца на улица. Со истиот Закон, исто така, беше предвиден и плурализам во давањето на услугите од областа на социјалната заштита. Така, беше предвидено да се дозволи обезбедувањето на одредени форми на услуги од областа на социјалната заштита да го вршат и други правни и физички лица, под одредени услови наведени во Законот.

Во декември 2004 година, Министерството за труд и социјална политика го отвори Дневниот центар за деца на улица во Скопје, како најголема урбана територија во државата, во која проблемот со оваа група деца изложени на ризик е и најизразен. Од моментот на отворањето бројот на децата кои ги користат услугите на Дневниот центар бележи континуирано зголемување. Така, бројот на овие деца во декември 2005 година изнесувал повеќе од 500 деца, со тоа што станува збор за деца кои редовно го посетувале Дневниот центар, но и деца кои само повремено доаѓале, но сепак се регистрирани како корисници на услугите на овој центар.

Врз основа на анализата на податоците добиени од пополнетите прашалници за деца на улица, од разговорите со стручните работници во Дневниот центар за деца на улица и со оние од Одделението за социјална заштита на ЈУ МЦСР Скопје, беше констатирано дека е направен голем напредок во намалувањето на ризикот на исклученост на корисниците од бројните сфери во општеството, и аналогно на тоа, дека е зголемен квалитетот на нивниот живот и нивните индивидуални потенцијали. Децата во Дневниот центар за деца на улица се прифатени, заштитени, го минуваат времето на корисен начин, кој ги стимулира и ги развива нивните потенцијали и делумно се работи и со нивните родители за вклучување на децата во редовниот образовен систем. Може да се констатира дека Дневниот центар ги оправдува целите на своето постоење. Секако дека од исклучително внимание треба да биде стручната анализа на експертите, кои во фокусот на своите стручни експертизи ја имаат оваа вулнерабилна група, а која во иднина треба да ги опфати и семејните заедници на овие деца, каде со стручен третман треба да се направи квалитативна промена на односите и да се подигне степенот на одговорност.